ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ
СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302/499-075
26.02.2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија" бр.7/2005, 103/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015 и 99/2016) Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, со седиште на ул. Ѓуро Стругар бр. 5, 1000 Скопје, Република Македонија како Контролор на ден 26.02.2018 година, донесе:

# ПРОЦЕДУРА ЗА ПРАВОТО НА ПРИСТАП И ИСПРАВКА ДО ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ОД СТРАНА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

**Член 1**

Со оваа Процедура се пропишува начинот на постапување при приемот, прегледувањето и распоредувањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка до личните податоци од страна на субјектите на личните податоци.

**Член 2**

Субјектот на личните податоци (членови) во барањето за пристап и исправка до личните податоци има право да бара одговор на следното и тоа:

- идентитетот на контролорот
- дали се врши обработка на личните податоци на субјектот на личните податоци
- кои се целите и правната основа на обработката на личните податоци и корисниците или категориите на корисници на кои им се откриваат личните податоци
- за личните податоци во врска со субјектот на личните податоци и изворот на податоци
- која е логиката на автоматизирана обработка која има влијание врз субјектот на лични податоци
- задолжителноста на давањата на одговорите на прашањата
- можните последици ако не се даде одговор
- постоењето на право на пристап и право на исправка на неговите лични податоци.

Друштвото е должно да одговори на субјектот на личните податоци во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Образецот на Барањето за дополнување, измена или бришење на информации за обработка на личните податоци, Образецот на Барањето за достава на информации за обработка на лични податоци и Образецот на Барањето за запирање на обработката на личните податоци е составен дел на оваа процедура.

**Член 3**

Приемот на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка на личните податоци од страна на субјектите на личните податоци се врши во архивата на Друштвото.

**Член 4**

По заведувањето на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка на личните податоци од страна на субјектите на личните податоци, истите се доставуваат за работа до лицето кое работи на одговор на овие барања на субјектите на лични податоци.

**Член 5**

Предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка на личните податоци се чуваат во метални ормани заклучени, до кои пристап и дозвола за користење има само овластеното лице.

**Член 6**

За архивирање на предметите кои ќе произлезат од остварувањето на правото на пристап и исправка на личните податоци се применуваат прописите за архивска граѓа.

**Член 7**

Оваа процедура влегува во сила со денот на донесувањето.

Институт на сметководители и овластени сметководители
на Република Македонија

_______________________